*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
www.mrt.com.mk

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2023 ГОДИНА СО ДОПОЛНУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

**Скопје, Август 2023 година**

## ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси како и исполнување на програмските обврски, стандарди и начела предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На територијата на РСМ, Македонската радио телевизија обезбедува програма преку еден ТВ програмски сервис на македонски јазик со дневно времетраење од 24 часа, еден ТВ програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и кој од месец април 2020 година започна со емитување на програма на албански јазик со дневно времетраење од 24 часа секој ден во неделата. Во истиот период програмата на ЈРП МРТ беше збогатена и со три нови телевизиски програмски сервиси и тоа: МТВ 3 – ТВ канал кој емитува забавно - музичка, културна, но пред се програма од областа на спортот наменета за гледачите љубители на спортот, преку откуп на ТВ права за емитување на сите позначајни спортски настани во земјата и светот карактеристични за тековната година, потоа МТВ 4 – ТВ канал кој емитува документарна програма и програма на етничките заедници во РСМ како и детски ТВ канал – Канал 5 кој акцентот на своето работење го става на најмладата популација и кој произведува, обработува и емитува едукативна, документарна, забавна програма и програма со содржина од други најразлични области наменета за деца и млади, сите со дневно времетраење на програмата од 24 часа секој ден во неделата.

Исто така, програмата на јавниот радиодифузен сервис се емитува и преку два редовни радио програмски сервиси на македонски јазик и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници со 24 часовно емитување секој ден во неделата, а во тек се активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на етничките заедници во РСМ.

МРТ обезбедува и посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува и најмалку еден радио програмски сервис и еден ТВ програмски сервис преку сателит и /или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот за Собрание на РСМ.

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработи Годишна програма за работа за 2023 година која содржи Програма за работа за 2023 година со планирани активности за исполнување на програмските цели како и Финансиски план за 2023 година кој содржи податоци за планираните приходи и расходи и истите, по усвојување од страна на органите на управување во ЈРП МРТ, а согласно член 106 од Законот за ААВМУ, беа доставени до Собранието на РСМ во месец Октомври 2022 година. Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023 година, како дел од Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2023 година, е изработен врз база на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности како и врз база на планираните или очекувани активности во наредната година, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини, инвестициони и останати набавки во рамки на тековното работење како и можностите за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски. Меѓутоа, со оглед на фактот дека откако е укината наплатата на радиодифузна такса и е воведено фиксно процентуално финансирање на радиодифузната дејност, кое пак во изминатите неколку години не се почитуваше од страна на државните институции, пресметките за утврдување на планираните финансиски средства наменети за финансирање на редовното работење на ЈРП МРТ - финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ, наместо врз база на законскиот 1% од остварени вккупни приходи на ниво на дражава, се правеа врз база на висината на приходот кој го

добиваше МРТ по овој основ на годишно ниво во изминатите неколку години и кој изнесува 670.500.000 денари.

Но, со усвојување на последните измени во Законот за ААВМУ (член 105) Службен весник 154/23 кои директно се однесуваат на измена на процентот и износот на финансирање на радиодифузна дејност, конечно се отвора можност за зголемување на средствата кои МРТ ќе ги добива од Буџетот на РСМ во иднина. Оттука, произлезе потреба од измена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023 година со дополнување на средства а новите пресметки за утврдување на висината на финансиските средства наменети за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РСМ, односно за финансирање на редовното работење на ЈРП МРТ, се направени согласно гореспоменатите новоусвоени одредби во член 105 став 1 и 2 од Законот за ААВМУ и врз база на податоците за извршување на Буџетот на РСМ – Годишна сметка на РСМ за 2022 година објавени на ВЕБ страната на Министерството за Финансии на РСМ, односно:

**- цитиран текст од изменет Закон за ААВМУ-**

Член 105

„став (1) Средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на МРТ, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во висина од 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија .

став (2) Средства од ставот 1 се распоредуваат на следниов начин:

- 80% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој,
- 15% за ЈП Македонска радиодифузија за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 5% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. “

Во табелите подолу може да се види начинот на пресметување и утврдување на износот за финансирање на радиодифузна дејност за 2023 година.

**Податоци од извршување на Буџет на РСМ - Завршна сметка за 2022г.**

| ОПИС | Вкупно остварување за 2022 година (мил ден.) |
|---|---|
| **Даночни приходи и придонеси** | |
| Даночни приходи (ССП) | 2,049 |
| **Даноци** | |
| Данок од личен доход | 23,852 |
| Данок на добивка | 15,776 |
| ДДВ (нето) | 64,764 |
| Акцизи | 25,483 |
| Увозни давачки | 9,973 |
| Други даноци | 670 |
| **ВКУПНО:** | **142,567** |

| Финансирање на радиодифузна дејност во 2023г. од наплатени даночни приходи во 2022г. | % | износ (ден.) |
|---|---|---|
| | | |
| **Вкупен износ за финансирање на трите институции (ЈРП МРТ, НП МРД и ААВМУ)** | **1%** | **1,425,670,000** |
| | | |
| **ЈРП МРТ** | **80%** | **1,140,536,000** |
| **НП Македонска Радиодифузија** | **15%** | **213,850,500** |
| **ААВМУ** | **5%** | **71,283,500** |

Со отворање на линкот подолу може да се видат официјално објавените податоци на ВЕБ страната на Министерството за финансии за остварени приходи по Годишна завршна сметка на РСМ за 2022 година според кои се направени пресметките за висината на средствата за финансирање на радиодифузна дејност и финансирање на ЈРП МРТ во 2023 година.

https://finance.gov.mk/%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d0%b8-%d1%82%d1%80%d0%b5%d0%b7%d0%be%d1%80/

## А. ПЛАН НА ПРИХОДИ

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2023 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:

**Приход од Буџетот на Република Северна Македонија**

Средствата наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузната дејност со оваа измена на Финансискиот план се планираат во износ од 1.140.500.000 денари или 76,7% од вкупните планирани приходи. Како што и погоре беше наведено, овој износ произлегува и е утврден врз база на новите измени во Член 105 став 1 и 2 од Законот за ААВМУ а ќе биде основа за подобрување на тековното работење на куќата, ќе придонесе за подобрување на нејзината ликвидност, поедноставно сервисирање на тековните обврски, за подмирување на долгови постари од 20 години кон државните институции (Министерство за финансии, УЈП, АД Аеродроми и други) а секако ќе може да се спроведат сите поголеми активности кои се планираат веќе подолго време но поради недистигот на финансиски средства не беше возможно да се реализираат. Потоа, се планираат инвестиции во набавка на нова РА и ТВ опрема, отпочнување со процесот на дигитализација на радиото, реконструкција на дел од работните простории и студија и инвестиции во насока на подобрување работните услови и квалитетот на програмата која се емитува на сите РА и ТВ програмски сервиси но и збогатување на истата преку производство и набавка на нови програмски содржини од најразлични видови и жанрови.

**Приход од Буџет на РСМ - средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој**

Како приходи добиени за поддршка на тековното работење и постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, исто така од Буџетот на РСМ, во тековната 2023 година беа планирани финансиски средства во вкупен износ од 350.000.000 денари. Меѓутоа, со оваа измена на Финансискиот план овие средства се намалени за 50.000.000 денари а оваа корекција е направена поради тоа што во

изминатите месеци од 2023 година по овој основ МРТ добиваше по 25.000.000 денари на месечно ниво и доколку се продолжи со истата динамика до крајот на годината, вкупниот прилив би изнесувал 300.000.000 денари.

**Приходи од продажба на рекламен простор**

Очекуваните приходи од продажба на рекламно време (маркетинг) односно од емитување на аудио и аудио визуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот, поаѓајќи од полугодишното остварување се намалуваат за 35.000.000 денари и сега изнесуваат 20.000.000 денари или 1,3% од вкупните планирани приходи за 2023 година.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на давање под наем на деловен простор и опрема на надворешни соработници е планиран во износ од 500.000 денари.

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на давање на технички услуги на надворешни корисници (снимање во студијата на МРТ, обезбедување на коментаторски позиции и ISDN линии за пренос на програма, преснимување и користење на снимен архивски материјал, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите државни и останати институции во кулата како и други услуги во земјата), за 2023 година, планирани се приходи во вкупен износ од 3.000.000 денари и истите во вкупно планираните приходи учествуваат со 0,2%.

**Приходи од услуги во странство**

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) се планирани во износ од 2.000.000 денари.

**Останати деловни приходи**

Поаѓајќи од досегашното остварување, со оваа измена на Финансискиот план претходно планираниот износ на приход кај оваа ставка се намалува за 25.000.000 денари и сега изнесува 15.000.000 денари а истиот ги опфаќа:

- приходите од камати
- приходите по основ на позитивни курсни разлики
- наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходите од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите кои се планираат со Финансискиот план по основ на решавање на настанатите судски спорови во корист на МРТ изнесуваат вкупно 1.500.000 денари.

**Приходи од донации, продажба на програма и услуги**

Приходите по основ на продажба на програма и услуги и приходите по основ на донации исто така се намалени со оваа измена на Финансискиот план и сега се планираат во износ од 5.000.000 денари.

**Вкупните** планирани приходи за 2023 година во износ од 1.487.500.000 денари по сите основи, треба да ги покријат планираните програмски, инвестициони и други активности во тековната година, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните во државата, како и да се користат за сервисирање на пренесените, неплатени обврски од претходни години.

Планираните активности за 2023 година се насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмски сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.
- Откуп на права за емитување на играна програма и ТВ серии, набавка на домашна и странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии, детска програма од најразлични жанрови, откуп на готови

програмски содржини од најразлични области или пак заедничка продукција и копродукција на разни видови емисии и серијали,

- Откуп на права за директен пренос и снимки од значајни спортски настани и манифестации, светски или европски првенства во фудбал, ракомет, зимски, летни спортови и слично,
- Реализирање на програмските содржини на посебните радиопрограми наменети за соседните земји и Европа и радиопрограми наменети за информирање на иселениците во странство, како и обезбедување на програмските сервиси преку сателит и/или интернет,
- Инвестиции во нова опрема и основни средства како и тековно одржување на постојната опрема и одржување на РТВ студијата и другите деловни објекти на МРТ.

*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2023 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2023 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Планирани приходи за 2022 година | Планирани приходи за 2023 година | Остварени приходи-2023 година | Предлог – измена на финансиски план за 2023г. | Индекс 6/4*100 | Индекс 6/5*100 | Структура 2023 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 | 6 | 8 | 9 | 10 |
| Приход од Буџет на РСМ- средства за финансирање на радиодифузна дејност | 670,500,000 | 670,500,000 | 391,125,000 | 1,140,500,000 | 170 | 292 | 76.6 |
| Приход од Буџет на РСМ- средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој | 354,400,000 | 350,000,000 | 275,000,000 | 300,000,000 | 86 | 109 | 20.1 |
| Закупнини | 500,000 | 500,000 | 134,899 | 500,000 | 100 | 371 | 0.03 |
| Приходи од услуги во земјата | 3,000,000 | 3,000,000 | 1,034,628 | 3,000,000 | 100 | 290 | 0.20 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 2,000,000 | 2,000,000 | 1,279 | 2,000,000 | 100 | - | 0.13 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,наплатени отпишани побарувања,отпишани обврски, приходи од минати години), | 20,000,000 | 40,000,000 | 4,508,147 | 15,000,000 | 38 | 333 | 1.01 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 1,500,000 | 1,500,000 | 77,733 | 1,500,000 | 100 | 1,930 | 0.10 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 45,000,000 | 55,000,000 | 7,203,587 | 20,000,000 | 36 | 278 | 1.34 |
| Приход од продажба на програма и реемитување во земјата и странство, | 32,000,000 | 50,000,000 | 0 | 5,000,000 | 10 | 0.00 | 0.34 |
| Приходи од донации | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **1,129,900,000** | **1,172,500,000** | **679,085,273** | **1,487,500,000** | **127** | **219** | **100.0** |

## Б. ПЛАН НА РАСХОДИ

Вкупните планирани расходи на ЈРП Македонска радио телевизија за 2023 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности во врска со создавање и емитување на програмата, се планираат во ист обем како и вкупните приходи, односно истите, согласно измените во Член 105 став 1 и 2, се зголемени за 315.000.000 денари на вкупен планиран износ и сега целокупното работење на ЈРП МРТ до крајот на 2023 година се планира да се одвива во рамки на вкупен буџет од 1.487.500.000 денари.

**Планот на расходи за 2023 година ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

### Трошоци на вработените

Кај групата трошоци на вработените во 2023 година се планираат средства во вкупен износ од 525.500.000 денари. Оваа група на трошоци е дополнета со 16.000.000 денари и тоа во најголем обем во делот на бруто плати за вработените а се со цел да се овозможи законско зголемување на платите на вработените на вработените во идниот период од годината. Покрај бруто платите, во рамки на трошоци за вработените се вбројуваат и надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство, помош при боледување подолго од 6 месеци, паричен надомест за вработени кои имаат деца со посебни потреби, паричен надомест за последици од елементарни непогоди и други видови парични надоместоци), потоа трошоците за здравствени услуги, пресметан регрес за годишен одмор, јубилејни награди, трошоци за едукација на вработените (обуки, посета на семинари, советувања) и слично. Бруто платата за 2023 година е пресметана согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ, согласно последните измени во Законот за работни односи, Законот за административните службеници, Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за минимална плата во РСМ и врз основа на Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените на МРТ кои произлегуваат од работниот однос.

## Патни трошоци и транспортни услуги

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, трошоците за патарина, услугите за такси превоз и слично. Најголемо учество во овие трошоци имаат патните трошоци и дневниците за службени патувања бидејќи МРТ како јавен радиодифузен сервис за потребите, пред се, на информативните програми, ги следи и пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани во земјата и странство кои се од јавен карактер како на пример сите поважни културни, музички, спортски и научни случувања и манифестации. Потребата од подобрување на квалитетот на понудената РА и ТВ програма доведува до потреба од повеќе финансиски средства па оттука, со ова изменување на Финансискиот план на МРТ за 2023 година, оваа група на трошоци е дополнета со 2.900.000 денари и сега истата се планира на вкупен износ од 8.700.000 денари.

## Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци сега е планирана во вкупен износ од 222.390.000 денари, што подразбира дека повисокиот износ за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на државата овозможи дополнување на дел планираните износи кај одделни ставки во вкупен износ од 21.100.000 денари а со тоа и олеснување при нивна реализација. Оваа група ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Во оваа група на трошоци во 2023 година ќе бидат опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал (резервни делови) за поправка и одржување на опремата и објектите во МРТ и истата има вкупен планиран износ од 2,700.000 денари.

***Трошоци за останати материјали***

Вкупниот планиран износ во оваа група на трошоци е 1.500.000 денари и во неа спаѓаат трошоците за канцелариски материјал, материјал за возен парк, заштитна облека и обувки и ХТЗ опрема.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво и согласно поскапувања на сите овие видови на енергија особено на електричната, планираниот вкупен износ е зголемен во однос на претходните години и изнесува 79,500.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци се планира на износ од 2,500.000 денари. Согласно законските измени, односно според Уредбата за номенклатура на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија (сл.весник 277/19), оваа група ги опфаќа набавките на материјални и нематеријални средства со поединечен трошок за набавка до 500 евра во денарска противвредност според кои наместо во основни средства сметководствено треба да се евидентираат во ситен инвентар.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Група на трошоци која сега е планирана во вкупен износ од 15.700.000 денари а се однесува на трошоци за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет и поштарина како и трошоци за аудио и видео линии кои се неопходни за пренос на програмата, особено при емитување на настани од областа на спортот.

***Услуги за одржување и заштита***

Оваа група ги опфаќа трошоците за агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти, одржување на возилата на МРТ со набавка на резервни делови за нив, одржување на GPS уреди, услуги за одржување на WEB страната на МРТ, агенциски услуги за одржување на хигиена и слично. Согласно потребите од одржување на застарената опрема и како и одржување на објектите, истата е дополнета со 9.500.000 денари и сега е планирана во вкупен износ од 25.800.000 денари.

**_Комунални услуги_**

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоци за гаражирање и паркирање на возила и истата е планирана во вкупен износ од 5.030.000 денари.

**_Останати услуги од работењето_**

Во оваа група на трошоци за 2023 година планирани се средства во вкупен износ од 1.600.000 денари а опфатени се услуги за регистрација на возила, објава на огласи и конкурси, трошоци за противпожарна заштита, шпедитерски услуги и слично.

**_Трошоци за амортизација на основни средства_**

Планираните средства за амортизација на опремата која е набавена во рамките на редовните инвестициони активности и процесот на дигитализација и е ставена во употреба изнесуваат 58.000.000 денари.

**_Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис_**

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите, ревалоризација на обврските и слично во 2023 година планирани се вкупно 200.000 денари.

**_Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација_**

За оваа категорија на трошоци со Финансискиот план за 2023 година се планирани вкупно 1.600.000 денари;

**_Премии за осигурување_**

Планираните средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот и лица (патнички осигурувања) во МРТ во 2023 година изнесуваат 1.500.000 денари;

**_Банкарски услуги и трошоци на платен промет_**

Планираните средства за банкарските трансакции кои МРТ ќе ги извршува во 2023 година заедно со таксата за истакнување на фирма изнесуваат вкупно 410.000 денари.

***Останати трошоци***

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за спроведување ИСО стандарди, трошоците за користење на услуги за контрола на квалитет, атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоците за стручна литература и списанија и таа се планира во вкупен износ од 270.000 денари;

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ***

Во согласност со Законот за ААВМУ каде што е утврдена висината на надоместоците за членовите на ограните на управување во МРТ, оваа група на трошоци за 2023 година е планирана во вкупен износ од 9.000.000 денари;

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

Трошоците за даноци (задржан данок и сл.), данок на приход за исплати во странство при откуп на програма како и трошоците поврзани со судските предмети кои се во постапка за 2023 година се планираат во вкупен износ од 4.600.000 денари;

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци со Финансиски план за 2023 година планирани се вкупно 100.000 денари;

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години се планирани во висина од 2.000.000 денари и истите се однесуваат на трошоци за задоцнето фактурирање по разни основи кои биле планирани во преходните години од работење на МРТ но, во тој период, за истите не се доставени фактури (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и слично).

***Камати од работење и затезни камати***

Каматите од редовното работење и затезните камати се планирани во висина од 5.500.000 денари.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ, пред се, за откуп на странска филмска и спортска програма, како и за реализација на набавки на опрема, за 2023 година се планирани во вкупен износ од 4.000.000 денари.

***Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра***

Оваа група на трошоци ги опфаќа набавките на стоки и услуги надвор од планот за јавни набавки а кои во вкупен износ на месечно ниво не го надминуваат износот од 1.000 евра во денарска противвредност или вкупно 880.000 денари на годишно ниво.

## Програмски права

Оваа категорија се однесува на трошоци реализирани во врска со откуп на права за емитување на играна филмска и документарна програма, останати програмски права – откуп на програма од најразлични жанрови и области, надомест за учество на јуниорски Евросонг, откуп на права за емитување на актуелни и позначајни настани од светот на спортот, потоа откуп на програма од независни продуценти, трошоци за реализација на копродукциски проекти со најразновидна содржина како и откуп или продукција и копродукција на најразновидни емисии и серијали за најмладата популација. Во насока на збогатување на понудата на програма која ќе се емитува на сите Програмски сервиси во 2023 година и создавање на можност за поголемо производство, продукција и копродукција на нови програмски соржини од сите видови и жанрови. Вкупниот планиран износ кај оваа група на трошоци изнесува 517.230.000 денари.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 78.680.000 денари и тука спаѓаат следните видови останати трошоци:

***Наемнини***

Планираниот износ на трошоци за наем на опрема и недвижности за кои би произлегла потреба во текот на работењето на МРТ за 2023 година изнесува 250.000 денари.

***Други трошоци од работење***

Со изменувањето на Финансискиот план на МРТ за 2023 година, оваа група на трошоци се планира во вкупен износ од 38.600.000 денари и истита е дополнета со нова ставка со која се наменета за времени вработувања неопходни за покривање на недостигот од дополнителен кадар речиси во сите сектори и одделенија во куќата. Покрај трошоците за времени вработувања во оваа група спаѓаат и следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, трошоци за извршување, услуги за вештачење, технички услуги,
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција во секторите во кои во текот на работењето ќе се јави недостиг од кадар потребен за извршување на работните задачи,
- Трошоци за реализација на проектот Избор на песна – македонски претставник на Јуниорски евросонг 2023 година,
- Трошоци за обезбедување на простор за сателитски сегмент.

***Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги***

Со измената на Финансискиот план за 2023 година оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 39.710.000 денари и во однос на претходно планираниот износ е дополнета со 8.550.000 денари и тоа поради поскапување на членарините кои МРТ како членка на меѓународни радиодифузни организации има обврска да ги плаќа. Покрај годишните членарини кон ЕБУ, ЕРНО; ЦИРКОМ, оваа група на трошоци опфаќа и трошоци за котизации, трошоци за акредитации, како и трошоци за мало авторско право ЗАМП, трошоци кон Агенција за филм согласно Законот за филмска дејност кои се зголемуваат со зголемување на приходот по основ на маркетинг и финансирање на радиодифузна дејност.

***Материјали и услуги за дигитализација***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2023 година планирани се средства во вкупен износ од 120.000 денари.

## Инвестиции

Со измената на Финансискиот план во делот за Инвестиции се врши дополнување на претходно планираниот износ за набавка на опрема и други инвестиции во текот на 2023 година и сега се планирани вкупно 135.000.000 денари. Од нив со претходно планираните 45.000.000 денари веќе се започнати постапки за обнова на постоечката и набавка на нова опрема потребна за непречено одвивање на тековното работење, а останатите 90.000.000 денари ќе бидат наменети за набавка на опрема како лед осветлување, лед видео ѕид, работни станици за монтажа на видео материјали, УПС уреди, видео миксери, патнички возила за програмски цели и слично.

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2023 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ЗА 2023 ГОДИНА

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2022г. | Финансиски план за 2023г. | Остварени трошоци - м.07.2023г | Предлог - измена на финансиски план за 2023 година | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | | |
| Бруто плати | 458,000,000 | 490,000,000 | 243,296,381 | 505,000,000 | 103.1 | 207.6 |
| Регрес за годишен одмор | 3,850,000 | 15,100,000 | 0 | 15,100,000 | 100.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 9,760,000 | 1,200,000 | 543,940 | 1,200,000 | 100.0 | 220.6 |
| Други лични примања (останати надоместоци за вработени) | 850,000 | 1,000,000 | 495,935 | 2,000,000 | 200.0 | 403.3 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 450,000 | 1,200,000 | 373,648 | 1,200,000 | 100.0 | 321.2 |
| Трошоци за здравствени услуги | 600,000 | 650,000 | 0 | 650,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 650,000 | 350,000 | 14,240 | 350,000 | 100.0 | 2,457.9 |
| **Вкупно 1** | **474,160,000** | **509,500,000** | **244,724,144** | **525,500,000** | **103.1** | **214.7** |
| ***2) Патни трошоци*** | | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 2,350,000 | 1,800,000 | 1,312,768 | 2,300,000 | 127.8 | 175.2 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 5,000,000 | 2,000,000 | 909,733 | 4,000,000 | 200.0 | 439.7 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 50,000 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 1,050,000 | 1,000,000 | 440,334 | 1,400,000 | 140.0 | 317.9 |
| Сопствено возило за службени потреби | 840,000 | 400,000 | 187,422 | 400,000 | 100.0 | 213.4 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 250,000 | 200,000 | 84,070 | 200,000 | 100.0 | 237.9 |
| **Вкупно 2** | **9,540,000** | **5,500,000** | **2,934,327** | **8,400,000** | **152.7** | **286.3** |
| ***3) Транспортни услуги*** | | | | | | |
| Авто такси и слично | 450,000 | 300,000 | 0 | 300,000 | 100.0 | 0.0 |
| Услуги за превоз на вработени | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **650,000** | **300,000** | **0** | **300,000** | **100.0** | **0.0** |
| **Вкупно Патни и транспортни трошоци** | **10,190,000** | **5,800,000** | **2,934,327** | **8,700,000** | **150.0** | **0.0** |
| ***Заеднички трошоци*** | | | | | | |
| ***4) Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | | |
| Електричен материјал | 700,000 | 700,000 | 73,975 | 700,000 | 100.0 | 946.3 |
| Технички материјал | 1,370,000 | 1,000,000 | 851,160 | 1,800,000 | 180.0 | 211.5 |
| Материјал за поправка и одржување | 200,000 | 200,000 | 7,346 | 200,000 | 100.0 | 2,722.6 |
| **Вкупно 4** | **2,270,000** | **1,900,000** | **932,481** | **2,700,000** | **142.1** | **289.6** |
| ***5) Трошоци за останати материјали*** | | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,350,000 | 1,000,000 | 450,286 | 1,000,000 | 100.0 | 222.1 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 300,000 | 200,000 | 21,605 | 200,000 | 100.0 | 925.7 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 250,000 | 300,000 | 0 | 300,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **1,900,000** | **1,500,000** | **471,891** | **1,500,000** | **100.0** | **317.9** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2022г. | Финансиски план за 2023г. | Остварени трошоци - м.07.2023г | Предлог - измена на финансиски план за 2023 година | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***6) Трошоци за енергија*** | | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 69,000,000 | 60,000,000 | 11,298,494 | 60,000,000 | 100.0 | 531.0 |
| Трошоци за топлотна енергија | 12,000,000 | 12,500,000 | 8,689,977 | 16,000,000 | 128.0 | 184.1 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 3,000,000 | 3,500,000 | 1,068,162 | 3,500,000 | 100.0 | 327.7 |
| **Вкупно 6** | **84,000,000** | **76,000,000** | **21,056,633** | **79,500,000** | **104.6** | **377.6** |
| ***7) Трошоци за ситен инвентар и автогуми*** | | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 1,500,000 | 1,700,000 | 119,617 | 2,500,000 | 147.1 | 2,090.0 |
| **Вкупно 7** | **1,500,000** | **1,700,000** | **119,617** | **2,500,000** | **147.1** | **2,090.0** |
| ***8) Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | | |
| Телефонски трошоци- директни | 600,000 | 600,000 | 167,386 | 600,000 | 100.0 | 358.5 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 2,100,000 | 2,000,000 | 932,039 | 2,000,000 | 100.0 | 214.6 |
| Трошоци за интернет | 800,000 | 800,000 | 145,945 | 800,000 | 100.0 | 548.2 |
| Поштарина | 300,000 | 300,000 | 74,770 | 300,000 | 100.0 | 401.2 |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 15,000,000 | 10,000,000 | 4,942,150 | 12,000,000 | 120.0 | 242.8 |
| **Вкупно 8** | **18,800,000** | **13,700,000** | **6,262,290** | **15,700,000** | **114.6** | **250.7** |
| ***9) Услуги за одржување и заштита*** | | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 4,500,000 | 4,500,000 | 2,207,951 | 4,500,000 | 100.0 | 203.8 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 3,500,000 | 3,500,000 | 657,256 | 10,000,000 | 285.7 | 1,521.5 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 1,000,000 | 1,000,000 | 145,494 | 4,000,000 | 400.0 | 2,749.3 |
| Одржување на возила | 2,500,000 | 2,500,000 | 404,700 | 2,500,000 | 100.0 | 617.7 |
| Одржување на GPS,алат, ситен инвентар и автогуми | 150,000 | 100,000 | 14,124 | 100,000 | 100.0 | 708.0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 1,000,000 | 1,000,000 | 500,348 | 1,000,000 | 100.0 | 199.9 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 3,700,000 | 3,700,000 | 1,847,172 | 3,700,000 | 100.0 | 200.3 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од коронавирус | 350,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 9** | **16,700,000** | **16,300,000** | **5,777,045** | **25,800,000** | **158.3** | **446.6** |
| ***10) Комунални услуги*** | | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 30,000 | 30,000 | 10,941 | 30,000 | 100.0 | 274.2 |
| Дератизација и дезинфекција | 300,000 | 250,000 | 115,856 | 250,000 | 100.0 | 215.8 |
| Трошоци за ѓубретарина | 950,000 | 950,000 | 415,588 | 950,000 | 100.0 | 228.6 |
| Трошоци за вода | 3,600,000 | 3,300,000 | 1,789,685 | 3,800,000 | 115.2 | 212.3 |
| **Вкупно 10** | **4,880,000** | **4,530,000** | **2,332,070** | **5,030,000** | **111.0** | **215.7** |
| ***11) Останати услуги од работењето*** | | | | | | |
| Трошоци за огласи и конкурси | 100,000 | 800,000 | 125,628 | 800,000 | 100.0 | 636.8 |
| Трошоци за регистрација на возила | 1,200,000 | 300,000 | 67,583 | 300,000 | 100.0 | 443.9 |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2022г. | Финансиски план за 2023г. | Остварени трошоци - м.07.2023г | Предлог - измена на финансиски план за 2023 година | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 300,000 | 150,000 | 4,548 | 150,000 | 100.0 | 3,298.2 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 50,000 | 350,000 | 126,492 | 350,000 | 100.0 | 276.7 |
| **Вкупно 11** | **2,000,000** | **1,600,000** | **324,251** | **1,600,000** | **100.0** | **493.4** |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирани средства по судски предмети и слично*** | | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 58,300,000 | 58,000,000 | 22,962,708 | 58,000,000 | 100.0 | 252.6 |
| **Вкупно 12** | **58,300,000** | **58,000,000** | **22,962,708** | **58,000,000** | **100.0** | **252.6** |
| ***13) Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 2,350,000 | 200,000 | 0 | 200,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **2,350,000** | **200,000** | **0** | **200,000** | **100.0** | **0.0** |
| ***14) Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 100,000 | 4,560 | 100,000 | 100.0 | 2,193.0 |
| Трошоци за репрезентација | 700,000 | 500,000 | 271,566 | 500,000 | 100.0 | 184.1 |
| Трошоци за организирање на настани | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно 14** | **700,000** | **600,000** | **276,126** | **1,600,000** | **266.7** | **579.4** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | | |
| Премии за осигурување | 1,500,000 | 1,500,000 | 43,429 | 1,500,000 | 100.0 | 3,453.9 |
| **Вкупно 15** | **1,500,000** | **1,500,000** | **43,429** | **1,500,000** | **100.0** | **3,453.9** |
| ***16) Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | | |
| Такса за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 0 | 10,000 | 100.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 550,000 | 400,000 | 258,145 | 400,000 | 100.0 | 155.0 |
| **Вкупно 16** | **560,000** | **410,000** | **258,145** | **410,000** | **100.0** | **158.8** |
| ***17) Останати трошоци*** | | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборати за безбедност и заштита при работа и слично | 120,000 | 120,000 | 0 | 120,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 150,000 | 50,000 | 14,513 | 50,000 | 100.0 | 344.5 |
| **Вкупно 17** | **270,000** | **270,000** | **14,513** | **270,000** | **100.0** | **1,860.4** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | | |
| Надомест за членови на НО и Совет | 9,000,000 | 9,000,000 | 3,680,598 | 9,000,000 | 100.0 | 244.5 |
| **Вкупно 18** | **9,000,000** | **9,000,000** | **3,680,598** | **9,000,000** | **100.0** | **244.5** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2022г. | Финансиски план за 2023г. | Остварени трошоци - м.07.2023г | Предлог - измена на финансиски план за 2023 година | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***19) Даноци, судски такси и друго*** | | | | | | |
| Даноци (задржан данок на странски правни лица при откуп на програма, данок на имот и сл.) | 4,500,000 | 4,400,000 | 2,056,551 | 4,400,000 | 100.0 | 214.0 |
| Судски трошоци и административни такси | 300,000 | 200,000 | 59,577 | 200,000 | 100.0 | 335.7 |
| **Вкупно 19** | **4,800,000** | **4,600,000** | **2,116,128** | **4,600,000** | **100.0** | **217.4** |
| ***20) Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 200,000 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **200,000** | **100,000** | **0** | **100,000** | **100.0** | **0.0** |
| ***21) Дополнително утврдени расходи од минати години и останати расходи од работење*** | | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 10,300,000 | 2,000,000 | 1,150,501 | 2,000,000 | 100.0 | 173.8 |
| **Вкупно 21** | **10,300,000** | **2,000,000** | **1,150,501** | **2,000,000** | **100.0** | **173.8** |
| ***22) Камати од работење и затезни камати*** | | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 6,000,000 | 4,000,000 | 2,778,593 | 5,500,000 | 137.5 | 197.9 |
| **Вкупно 22** | **6,000,000** | **4,000,000** | **2,778,593** | **5,500,000** | **137.5** | **197.9** |
| ***23) Негативни курсни разлики*** | | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 2,600,000 | 2,500,000 | 1,978,844 | 4,000,000 | 160.0 | 202.1 |
| **Вкупно 23** | **2,600,000** | **2,500,000** | **1,978,844** | **4,000,000** | **160.0** | **202.1** |
| ***24) Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра*** | | | | | | |
| Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра | 850,000 | 880,000 | 124,327 | 880,000 | 100.0 | 707.8 |
| **Вкупно 24** | **850,000** | **880,000** | **124,327** | **880,000** | **100.0** | **707.8** |
| **Вкупно Заеднички трошоци** | **229,480,000** | **201,290,000** | **72,660,190** | **222,390,000** | **110.5** | **306.1** |
| ***25) Програмски права*** | | | | | | |
| Права за филмови | 25,000,000 | 53,930,000 | 29,322,367 | 65,930,000 | 122.3 | 224.8 |
| Останати програмски права | 100,000,000 | 98,400,000 | 55,068,448 | 131,400,000 | 133.5 | 238.6 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 400,000 | 400,000 | 0 | 400,000 | 100.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 97,000,000 | 94,000,000 | 31,139,612 | 109,000,000 | 116.0 | 350.0 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 1,000,000 | 0 | 1,000,000 | 100.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 118,000,000 | 110,500,000 | 45,900,472 | 209,500,000 | 189.6 | 456.4 |
| **Вкупно 25** | **342,900,000** | **358,230,000** | **161,430,899** | **517,230,000** | **144.4** | **320.4** |
| ***26) Наемнини*** | | | | | | |
| Наем на опрема и недвижнини | 300,000 | 250,000 | 90,965 | 250,000 | 100.0 | 274.8 |
| **Вкупно 26** | **300,000** | **250,000** | **90,965** | **250,000** | **100.0** | **274.8** |
| ***27) Други трошоци од работење*** | | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 400,000 | 400,000 | 41,247 | 400,000 | 100.0 | 969.8 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1,000,000 | 1,000,000 | 911,196 | 1,000,000 | 100.0 | 109.7 |
| Услуги за вештачење | 100,000 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0.0 |

## МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2022г. | Финансиски план за 2023г. | Остварени трошоци - м.07.2023г | Предлог - измена на финансиски план за 2023 година | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Технички услуги | 2,000,000 | 1,000,000 | 0 | 1,000,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена | 0 | 750,000 | | | 0.0 | 0.0 |
| Интелектуални услуги, изработка на скици, планови, проекти и слично | 650,000 | 0 | 3,580 | 300,000 | 0.0 | 8,379.9 |
| Агенциски услуги во земјата-информативни | 50,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 21,000,000 | 15,000,000 | 8,726,529 | 15,000,000 | 100.0 | 171.9 |
| Надоместок за услуги од Агенции за времени вработувања | 0 | 0 | 0 | 17,000,000 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за проект Евровизија | 2,400,000 | 600,000 | 475,169 | 1,500,000 | 250.0 | 315.7 |
| Трошоци за судски извршители | 100,000 | 200,000 | 2,839 | 200,000 | 100.0 | 7,044.7 |
| Сателитски сегмент | 8,300,000 | 2,100,000 | 2,131,042 | 2,100,000 | 100.0 | 98.5 |
| **Вкупно 27** | **36,000,000** | **21,150,000** | **12,291,602** | **38,600,000** | **182.5** | **314.0** |
| ***28) Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 14,400,000 | 14,000,000 | 7,952,831 | 16,000,000 | 114.3 | 201.2 |
| Котизации и акредитации | 400,000 | 60,000 | 49,440 | 110,000 | 183.3 | 222.5 |
| Мало авторско право (ЗАМП, ММИ) | 11,000,000 | 13,500,000 | 5,477,700 | 17,800,000 | 131.9 | 325.0 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 4,350,000 | 3,600,000 | 0 | 5,800,000 | 161.1 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **30,150,000** | **31,160,000** | **13,479,971** | **39,710,000** | **127.4** | **294.6** |
| ***29) Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 120,000 | 120,000 | 1,500 | 120,000 | 100.0 | 8,000.0 |
| **Вкупно 29** | **120,000** | **120,000** | **1,500** | **120,000** | **100.0** | **8,000.0** |
| **Вкупно Останати трошоци од работење** | **66,570,000** | **52,680,000** | **25,864,038** | **78,680,000** | **149.4** | **304.2** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **1,123,300,000** | **1,127,500,000** | **507,613,598** | **1,352,500,000** | **120.0** | **266.4** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 6,600,000 | 45,000,000 | 6,009,962 | 135,000,000 | 300.0 | 2,246.3 |
| **ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **6,600,000** | **45,000,000** | **6,009,962** | **135,000,000** | **300.0** | **2,246.3** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1,129,900,000** | **1,172,500,000** | **513,623,560** | **1,487,500,000** | **126.9** | **289.6** |

Скопје, Август 2023 година